Врз основа на член 3 став 1 алинеја 20 и член 13 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), во врска со член 10 и член 13 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр.01-292/3 од 31.5.2018 година, бр.01-494/3 од 10.10.2019 година и бр.01-523/3 од 30.10.2019 година, Државниот испитен центар распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС

***за избор на надворешни соработници –оценувачи***

Заради итно и неодложно спроведување на процесот на оценување на испитниот материјал од државната матура, во предвидените рокови, Државниот испитен центар – Скопје распишува јавен конкурс за избор на ***надворешни соработници –оценувачи на тестовите од екстерниот дел на државната матура во учебната 2019/2020 година,*** по предметите:

- ***Македонски јазик и литература;***
- ***Албански јазик и литература;***
- ***Турски јазик и литература;***
- ***Англиски јазик;***
- ***Француски јазик;***
- ***Германски јазик;***
- ***Руски јазик;***
- ***Математика (на македонски наставен јазик);***
- ***Математика (на албански наставен јазик);***
- ***Математика (на турски наставен јазик);***
- ***Физика (на македонски наставен јазик);***
- ***Физика (на албански наставен јазик);***
- ***Физика (на турски наставен јазик);***
- ***Хемија (на македонски наставен јазик);***
- ***Хемија (на албански наставен јазик);***
- ***Хемија (на турски наставен јазик);***
- ***Биологија (на македонски наставен јазик);***
- ***Биологија (на албански наставен јазик);***
- ***Биологија (на турски наставен јазик);***
- ***Естетика / Филозофија (на македонски наставен јазик);***
- ***Естетика / Филозофија (на албански наставен јазик);***
- ***Филозофија (на турски наставен јазик);***
- ***Бизнис (на македонски наставен јазик);***
- ***Бизнис (на албански наставен јазик);***
- ***Бизнис (на турски наставен јазик);***
- ***Историја (на македонски наставен јазик);***
- ***Историја (на албански наставен јазик);***
- ***Историја (на турски наставен јазик);***
- ***Социологија (на македонски наставен јазик);***
- ***Социологија (на албански наставен јазик);***
- ***Социологија (на турски наставен јазик).***

Оценувањето на тестовите ќе се врши во Скопје, во периодот од ***9 до 25.6.2020 година.***

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат соодветно високо образование;
- да имаат најмалку три години работен стаж во воспитно-образовна дејност;
- да реализираат настава во средно училиште по соодветниот наставен предмет.

Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:

- пополнета пријава;
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- оргинал потврда дека реализираат настава по соодветниот наставен предмет, во средно училиште, со број на години работен стаж во воспитно-образовна дејност (не постара од три месеци).

Пријавата може да се преземе од веб-страницата www.matura.gov.mk

Пријавите со некомплетна и невалидна документација и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови ќе бидат повикани на обука и ќе бидат тестирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

Конкурсот трае до **10.3.2020 година**.

Пријавата со потребната документација се доставува со препорачана поштенска пратка на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ 66 1000 Скопје*, со назнака з**а јавен конкурс и предметот за кој се пријавува кандидатот**.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР